

**ЗОРАН ПЕТРОВ**

Под знамето црвено
со златно сонце везено
војска наша чекори,
Со главите кренати
високо горделливо
како својте татковци.

Ние сме храбра
Ние сме смела,
Ние сме силна армија.
Армија на Самоил,
Армија на Гоце,
Армија на Македонија.
Во вените ни тече
крвта наша јуначка,
од дедовци наследена.
Во борба што загинале
за својата слобода,
и за Македонија.
Ние сме храбра
Ние сме смела,
Ние сме силна армија.
Армија на Самоил,
Армија на Гоце,
Армија на Македонија.
Нека знаат сите
наши душмани,
вчерашни и денешни.
Дека сите сложно
до последен ќе станеме,
од душман да се браниме.
Ние сме храбра
ние сме смела,

Ние сме силна армија
Армија на Самоил,
Армија на Гоце,
Армија на Македонија.